# ПРИЛОЗИ
# ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА
# И МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Приредувач: Катица ЌУЛАВКОВА

Скопје
Македонска академија на науките и уметностите

2021

## СОДРЖИНА

## ПРЕДГОВОР


- Катица Ќулавкова: Македонија: историски континуитет во простор и време ........ I


## УВОД


- Љупчо Коцарев: За историјата на Македонија ........ a


## I КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО


- Драги Митревски: Културната основа на Македонија: од раната бронзена доба до првите политички заедници ........ 37
- Војислав Саракински: Македонците меѓу барбарството и хеленството ........ 59
- Стефан Пановски: Македонските кралеви и Хелените ........ 77


## II ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА


- Александар Атанасовски: Бугарските завладувања на Македонија во IX и X век ........ 103
- Митко Панов: Политичко-идеолошките традиции на Самуиловата држава (Концептуализација на историската интерпретација) ........ 123
- Стојко Стојков: Многуимените Други: Македонија како пресечна точка на другоста на средновековниот Балкан ........ 147

- Ванчо Ѓорѓиев: Постулатите на македонското револуционерно движење 1893-1908 ........ 167
- Никола Минов: Балканските пропаганди во османлиска Македонија ........ 193
- Далибор Јовановски: Делејќи го „Своето“: Преговорите за поделба на Македонија меѓу балканските држави ........ 219
- Теон Цинго: Македонскиот национален идентитет во политиката на Велика Британија (1919-1941) ........ 243
- Тодор Чепреганов: Британските и американските воени мисии во Македонија за македонскиот идентитет во Втората светска војна (1941-1944) ........ 261
- Сашо Додевски: Ослободител, окупатор или администратор – позицијата на царството Бугарија во Македонија во Втората светска војна во периодот 1941-1944 ........ 275

## III КУЛТУРНА ИСТОРИЈА

- Ѓорги Поп-Атанасов: Македонскиот карактер на глаголицата ........ 301
- Витомир Митевски: Индоевропските обрасци и византиската традиција во македонските песни за Крале Марко ........ 317
- Ганка Цветанова: Културната и политичката фаза во развојот на македонската нација: Просветителство и Преродба ........ 327
- Билјана Ристовска Јосифовска: Македонскиот идентитет во националната историографија: неинституционални и институционални форми на проучување ........ 349
- Искра Тасевска Хаџи-Бошкова: Македонската култура во првата половина на XIX век ........ 369
- Ангелина Бановиќ Марковска: Мисирков и суштината на националната идеја: јазик, култура, историја ........ 385
- Велика Стојкова Серафимовска: Фолклорните маркери и македонскиот културен идентитет ........ 399

- Сашо Цветковски: Словенските светци во живописот на дебарско-мијачката и самоковската зографска школа (рефлексии и одраз на одделните традиции и културните идентитети) ........ 417
- Горан Калоѓера: Hommage на македонскиот XIX век: обид за синтеза... 449


## IV. ЦРКОВНА ИСТОРИЈА


- Ѓоко Ѓорѓевски и Виктор Недески: Општествено-политичките процеси и улогата на Охридската Архиепископија низ вековите ..... 465
- Дејан Борисов: Теодосиј Гологанов – скопски митрополит 1885-1892 ... 483
- Борче Илиевски: Македонското црковно прашање 1943 – 1967 (меѓу автономија и автокефалност) ........ 501
- Тони Филипоски: Атрибуциите и титулациите на светците на македонската православна црква - Охридска Архиепископија во средновековните извори: Св. Кирил, Св. Методиј, Св. Климент, Св. Наум ........ 523


## ПРИЛОЗИ


- Биографски белешки на авторите ........ 550
- Список на илустрации: за текстовите на Д. Митревски, Ѓ. Поп-Атанасов, В. Стојкова Серафимовска и С. Цветкоски ............ 558

**Борче ИЛИЕВСКИ**

# МАКЕДОНСКОТО ЦРКОВНО ПРАШАЊЕ 1943–1967 ГОДИНА (МЕЃУ АВТОНОМИЈА И АВТОКЕФАЛНОСТ)

*Во овој труд се следи развојот на македонското црковно прашање во периодот од 1943 до 1967 година. Македонското црковно прашање, всушност, претставува составен дел од разрешувањето на македонското прашање. Три фактори биле одлучувачки во разрешувањето на ова прашање, во првите години по конституирањето на социјалистичка Југославија, но и во следните две децении, и тоа: републичките и сојузните власти, Српската православна црква и македонското свештенство, организирано во Иницијативниот одбор за организирање православна црква во Македонија. Барањата на свештенството биле преточени во резолуциите донесени на соборот одржан во мај 1945 и на конференцијата од мај 1946 г. За релативно краток период главните премиси во резолуциите под влијание на тогашните политички околности еволуирале од барање за автокефалност до автономни права за епархиите во Македонија. Вака поставените барања ќе имаат влијание и при определувањето на статусот на Македонската православна црква во 1958 и во 1967 г.*

Преговорите меѓу Владата на Кралството Србија и Цариградската патријаршија за воспоставување јурисдикција на Српската православна црква во областите што со одредбите на Лондонскиот и на Букурешкиот мировен договор ѝ припаднале на Србија, започнале во март 1914.[1] Во областите од Македонија каде што по балканските војни била воспоставена власт на Кралството Србија, мнозинството од православното македонско население до 1912 г. било под црковна јурисдикција на Бугарска Егзархија

[1] Милош Јагодић, *Православна црква у новим крајевима Србије (1912–1915)* – Српске студије, Књ. 3, Београд 2012: 115–119

(Бугарската православна црква), под чија надлежност биле и стотиците основни и средни бугарски училишта. Меѓутоа, Балканските војни ваквата состојба коренито ја промениле. Во пролетта 1913 г. бугарските митрополити од Скопје, Битола, Охрид, Дебар и од Велес (дел по потекло од Македонија), биле протерани, а претходно бугарските училишта биле затворени. Ваквата политика ќе се повтори и по 1918 г., по создавањето на новото кралство.

Поради избувнувањето на Првата светска војна, преговорите меѓу Кралството Србија и Цариградската патријаршија биле прекинати и продолжиле во 1919 година, во изменети политички околности. Во согласност со постигнатиот договор, Владата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците се обврзала да ѝ исплати на Цариградската патријаршија 1,5 милиони франци. Министерството за финансии на Кралството на СХС договорената сума ја исплатило во три рати, на име исплата за томосот добиен од Цариградската патријаршија. Последната рата била исплатена по добивањето на томосот во октомври 1922.[2] Српската православна црква во меѓувоениот период преку своите архијереи и институции настојувала македонското православното население во Вардарска Македонија да го приклони и да го слее во рамките на српската култура и традиција. Ваквата политика била прекината со априлската војна во 1941 г.

Прашањето за статусот на православната црква во Македонија било поставено за време на Втората светска војна. По капитулацијата на Италија, во Западна Македонија била создадена релативно голема слободна територија. Во октомври 1943 г., во село Црвена Вода (Дебарца), од страна на Главниот штаб на НОВ и ПОМ била донесена одлука за формирање неколку одделенија и служби при неговиот состав, при што било формирано и верско поверенство.[3] Поверенство било основано со цел привремено да биде надлежно за црковните прашања во Македонија. Командантот на Главниот штаб, генерал Апостолски, со наредба од 15 октомври 1943 за верски референт го назначил свештеникот Вељо Манчевски од село Броштица, Дебарско.[4] Во октомври 1943 г., во присуство на единаесет свештеници и дваесет и пет претставници на народноослободителните одбори, се одржало првото свештеничко собрание во селото Издеглавје,

---

[2] Radmila Radić, 88 godina od osnivanja SPC (www.peščanik.com).

[3] Миле Тодоровски, *Формирање и работа на Верското поверенство при Главниот штаб*, Весник на МПЦ, V/1963, 5–6: 162.

[4] *Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ том I, книга 1.* Избор, редакција и коментари д-р Александар Христов, д-р Миле Тодоровски, д-р Новица Вељановски, Архив на Македонија, Скопје 1984: *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава,* том втори, Скопје 1981: 537–539).

Дебарца. Главна точка на дневен ред било организирањето на црковно-административната власт на слободната територија, односно формирање на архијерејско намесништво на таа територија. Во декември 1943 г. слободната територија во Западна Македонија (Дебарца и Малесија) била реокупирана, по што престанала дејноста на архијерејското намесништво и на верското повереноство. Прашањето за православната црква во Македонија повторно ќе дојде на дневен ред по неполна година.

*Прв црковно-народен собор*

Во сосема нови политички и општествени околности, по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, истовремено со решавањето на македонското државно правно и национално прашање, се правеле напори за решавање и на македонското црковно прашање. Значаен чекор претставува формирањето на Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија (Иницијативен одбор на организирање на православната црква во Македонија). Овој одбор бил формиран во октомври 1944 г. на слободната територија во село Горно Врановци, Велешко, каде што привремено бил сместен Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Иницијативниот одбор го сочинувале свештеници што се наоѓале на слободната територија.

Во редовите на Иницијативниот одбор кон крајот на 1944 година започнале забрзано да работат на организирање собор на кој би биле официјализирани барањата за организирање самостојна Македонска православна црква, односно за обновување на Охридската архиепископија. Работата на Првиот црковно-народен собор започнала на 4 март 1945 г. Пред околу триста делегати Соборот го отворил протојерејот Кирил Стојанов, парохиски свештеник од Скопје и член на Иницијативниот одбор за организирање православна црква во Македонија. На Соборот присуствувале и претседателот на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов – Ченто,[5] како и претставници од владата и од армијата.[6] Присуството на овие претставници на државните институции ја означувало поддршката од тогашното раководство во Македонија за барањето за црковна автокефалност. Соборот го поздравил и претседателот на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов – Ченто, кој истакнал дека Народноослободителната војна не се

[5] Методија Андонов – Ченто (1902–1957), роден во Прилеп, бил трговец, а на изборите во 1938 година бил кандидат на листата на опозицијата. Во 1943 г. се приклучил на партизанското движење. На првото заседание на АСНОМ е избран за претседател на Президиумот. Во 1946 г. бил исклучен од КПЈ, поднел оставка од сите функции и бил обвинет дека сака отцепување на НРМ од Југославија. Бил осуден на 11 години затвор, каде што останал до 1955 г.

[6] На соборот немало претставници на ниту една православна црква.

водела со идејата за борба против православната црква и верата воопшто и дека верниците имаат право на народна црква.

Свештеникот Никола Апостолски, член на Иницијативниот одбор, поднел извештај за дотогашната работа на Иницијативниот одбор за организирање православна црква во Македонија. По поднесувањето на рефератот и извештаите, повеќе дискутанти целосно ги поддржале рефератот и извештаите за работата на Иницијативниот одбор.[7] Во текот на работата на соборот бил избран одбор, кој пред делегатите предложил резолуција, која била усвоена, а во чија прва точка се наведува: *„Македонскиот православен народ преку своите делегати од сите духовни центри на Македонија донесува решение да се обнови Охридската архиепископија, како Македонска самостојна црква, која нема да биде потчинета на ниедна друга помесна национална православна црква.*“[8] Со усвоената резолуција се предвидувало прогласување на автокефалност. По усвојувањето на резолуцијата бил избран нов Иницијативен одбор за организирање православна црква во Македонија на чело со протојерејот Кирил Стојанов.

Случувањата во Македонија биле внимателно следени од клирот на СПЦ. На почетокот на декември, по конечното ослободување на Македонија и делумното стабилизирање на состојбите, скопскиот митрополит Јосиф[9] побарал од Синодот на Српската православна црква да се преземат мерки кај граѓанските и кај воените власти за да се дозволи враќање на свештенството и на архијереите во, како што истакнал, „Јужна Србија“. Од повереникот на Националниот комитет за внатрешни работи било побарано да ги издаде потребните упатства до граѓанските и до воените власти за нивно непречено враќање во епархиите во Македонија.[10] Меѓутоа, на митрополитот Јосиф од страна на властите не му било дозволено да се врати во Македонија

По одржувањето на Првиот црковно-народен собор и донесените одлуки, Иницијативниот одбор за организирање православна црква во Македонија со телеграма од 9 март 1945 го запознал Светиот архијерејски синод на СПЦ за соборските решенија. По овој повод на 12 март 1945 во Белград била одржана епископска конференција, на која бил донесен заклучок

[7] „Нова Македонија“, II/53, 4 март 1945.

[8] Весник на МПЦ, број 1/ 67, Орган на Македонската архиепископија – Резолуција од Првиот црковно-народен собор на МПЦ.

[9] Митрополитот скопски Јосиф Цвијовиќ (1878–1957) завршил богословија во Белград и духовна академија во Киев. За битолски епископ бил избран и хиротонисан 1920 година, а по изборот на скопскиот митрополит Варнава за српски патријарх во 1930 година, ја наследил скопската катедра.

[10] Српска православна црква у Другом светском рату (из архива Светог синода), Београд, 1991: 131; Радмила Радић, Држава и верске заједнице, Први део: 1945–1953, Београд, 2002: 283.

дека акцијата на Иницијативниот одбор за организирање православна црква во Македонија, како и Соборот во Скопје се „неканонски и за акцијата на овој одбор ништо не може да се суди и пресудува“.[11] Слична одлука донел и Синодот на СПЦ во септември 1945, кога ја разгледал и состојбата во епархиите во Македонија. За ова прашање била донесена одлука во која се истакнувало дека „епархиите во сегашна федерална Македонија: Скопската, Злетовско-струмичката и Охридско-битолската епархија, по редовен и канонски пат се присоединети кон Српската православна црква, за што сведочи и томосот на Вселенската патријаршија. Јурисдикцијата на Српската православна црква врз овие области е потврдена од сите православни цркви... Светиот архијерејски синод не може да признае никаква самостојна и независна црква во Федерална Македонија, која е прогласена без дозвола и без согласност на мајката црква... прогласувањето на некоја независна Македонска православна Климентова црква извршено во Скопје на 4 март 1945, од страна на некој божем црковно-народен македонски собор, е целосно самоволен и неканонски акт. Не ја признава и ја осудува секоја акција и работа на самонаречениот Иницијативен одбор, кој незаконски ја приграбил црковната управа во тамошните епархии...“[12]

По завршувањето на Втората светска војна новата власт ги следела советските марксистички интерпретации за улогата на религијата во општеството, настојувајќи да го ограничи религиското влијание, преку сеопфатна контрола на дејствувањето на верските заедници.[13] Власта успеала за релативно кратко време да воспостави прилична контрола врз Српската православна црква, која од Втората светска војна излегла материјално и кадровски уништена, а мерките на властите преземени по 1945 г. оделе во правец на уште поголемо слабеење на СПЦ. Аграрната реформа, новите правни прописи и контролата на властите врз севкупните општествени збиднувања ја туркале СПЦ кон периферијата на општествените збиднувања. Во вакви услови барањата од Македонија, од епископатот на СПЦ биле дочекани како непријателски чин и удар врз нејзината целовитост.

---

11 Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви – македонско црквено питање, Вардарски зборник бр. 1, Београд, 1999: 157.

12 Радмила Радић, Држава и верске заједнице, I,288; Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви – македонско црквено питање, 158.

13 Katrin Boeckh, Vjerski progoni u Jugoslaviji 1944–1953: staljinizam u titoizmu, Časopis za suvremenu povjest. god. 38, br, 2, Zagreb, 2006: 403.

*Свештеничка конференција*

Острата реакција на Српската православна црква, како и притисокот на Владата на Лазар Колишевски[14] придонеле да слабее движењето за автокефалност. По изборот на Владата на Колишевски во април 1945 г., барањата за автокефалност сè почесто се заменуваат со барање за автономија на Православната црква во Македонија, која би била во канонска врска со Српската православна црква. Од државната и од партиската хиерархија (сојузна и републичка) сè почесто доаѓале изјави дека барањето за автокефалност на Православната црква во Македонија е израз на национален сепаратизам. По ваквата промена на ставот на државно-партиското раководство, дел од свештенството започнало да се изјаснува против одлуките донесени на Соборот во 1945 г. Автономното решавање на македонското црковно прашање станало најприфатливо решение, преку кое се сметало дека би се постигнал компромис со Српската патријаршија. Компромисот бил нужен поради притисокот од политичките фактори, за кои било прифатливо Православната црква во Македонија да има епископи што потекнувале од редовите на македонското свештенство и во администрацијата да се употребува македонскиот јазик, со што би се постигнала определена рамноправност. Во ваква атмосфера веќе на почетокот на 1946 година започнале да се одржуваат свештенички собранија (конференции) во некои градови, на кои се дискутирало за состојбата со Православната црква во Македонија.

Свештеникот Боро Станковски, член на Иницијативниот одбор и доверлив човек на републичкото раководство, на 4 мај 1946 во весникот „Нова Македонија“ ги објавил официјалните партиски погледи во однос на македонското црковно прашање. Тој го изнел ставот дека Иницијативниот одбор не успеал да дојде до некакво решение по однос на црковната организација во Македонија, наведувајќи дека меѓу свештенството во Македонија по ослободувањето се искристализирале три става за решавање на македонското црковно прашање. Првиот став бил да се врати состојбата на црковен план како пред 1941 година, што значи целосна јурисдикција на Српската православна црква врз македонските епархии. Вториот став бил прогласување на автокефалност, во согласност со Резолуцијата од Првиот црковно-народен собор, кој, според овој свештеник бил погрешен,

[14] Лазар Колишевски (1914–2000) еден од најзначајните политички функционери во Македонија по 1944 г. Поголем дел од младоста го минал во Србија, а во 1935 год. станал член на КПЈ. Во 1941 година бил уапсен од бугарските власти и осуден на смрт, а подоцна смртната пресуда е заменета со доживотен затвор. Од 1943 до 1963 година бил на чело на ЦК КПМ/СКМ, како и на повеќе значајни републички и сојузни функции.

бидејќи не водел сметка за новите услови во државата, а третиот став се базирал врз следните принципи: Македонската православна црква да биде автономна, т.е. самостојна во решавањето на внатрешните прашања; македонското свештенство само да избира свои владици; Македонската православна црква да биде членка на новата Југословенска православна црква, во чиј Свет синод би имало претставници – епископи од сите републики, а сите епископи би имале право да избираат и да бидат избирани за патријарх. Според свештеникот Станковски, ваквото решение би ги отстранило сите хегемонистички, сепаратистички и шовинистички тенденции во однос на македонското црковно прашање.[15]

Со ваквите погледи изнесени преку тогашното официјално државно гласило, веќе било јасно во кој правец требало да се движи разрешувањето на македонското црковно прашање. По завршувањето на сите подготвителни активности, на 8 мај 1946 започнала со работа Свештеничката конференција, на која присуствувале 128 свештеници од НР Македонија. Конференцијата ја отворил претседателот на Иницијативниот одбор, свештеникот Кирил Стојанов, кој од името на свештенството ги поздравил гостите, потпретседателот на Народното собрание, д-р Павел Шатев, и Епаминонда Попандонов, претседател на Верската комисија при Претседателството на Владата на НРМ. Двајцата со кратки говори го поздравиле свештенството и посакале целосен успех во работата за доброто на црквата и народот.

На конференцијата реферат поднел свештеникот Стоил Давидов со наслов: „За правото на македонскиот народ за своја автокефална црква". Тој истакнал дека е грешка да се зборува против Резолуцијата од Црковно-народниот собор од 4 март 1945, нагласувајќи го историското право на црквата во Македонија да биде автокефална.[16] По ова се развила широка дискусија, која, главно, се движела во правец за или против автокефалност. Поделбата на свештенството по ова прашање била целосно видлива. Еден дел од делегатите истапил против рефератот на свештеникот Давидов, а Резолуцијата на Соборот од 1945 година ја оцениле како неодржлива. Дел од свештенството останал на линијата на резолуцијата од Првиот црковно-народен собор, односно за автокефалност. По искажувањата на делегатите, пред свештенството се обратил претседателот на Верската комисија, Епаминонда Попандонов. Откако дал некои појаснувања за автокефалноста, тој, застапувајќи го партискиот став, истакнал дека „автокефалност значи

[15] „Нова Македонија", III/409, 4 мај1946.
[16] Државен Архив на РС Македонија, натаму: ДАРСМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 81/542.

одвоеност, прекинување на секоја врска со Српската патријаршија, затворање во круг – самите во себе, што значи нарушување на братството и единството на југословенските народи“. Пред свештенството, во името на Верската комисија, тој се заложил за создавање автономна црква во Македонија.[17]

По излагањето на официјалниот владин претставник, кој јавно ѝ „свртел грб“ на Резолуцијата од 1945, на предлог на неколкумина свештеници било избрано работно тело, кое било задолжено да состави нова предлог-резолуција. Наредниот ден, на 9 мај 1946, свештеникот Ѓорѓи Поповски ја прочитал новата резолуција, која требало да биде компромис меѓу Резолуцијата од 1945 година и барањата на Српската православна црква, а во суштина, во неа биле вклучени ставовите на властите по ова прашање. По подолга дискусија, во која повторно излегле на површина ставовите за и против Резолуцијата од 1945 година, била усвоена нова резолуција од сите свештеници, во која, меѓу другото, се наведува:

„Бараме да имаме народни архијереи, народно свештенство и самоуправност во решавањето на сите внатрешни црковно-народни прашања;

Народните архијереи да бидат избрани од народот и од свештенството;

Да се испрати апел до Светиот синод на Српската православна црква, до српските православни свештеници и народот, како и до православното свештенство и православните верници на другите југословенски народи и до Црковно-народниот собор на Македонија, да ја поткрепат идејата и акцијата за поскоро организирање на Православна црква во Југославија, во која да влезат сите православни цркви на рамноправни начела... “[18]

По усвојувањето на резолуцијата се пристапило кон избор на нови членови на Иницијативниот одбор и реорганизирање на ова црковно-управно тело. Најмногу гласови добил свештеникот Нестор Поповски. Тој сѐ до 1958 година ќе биде на чело на Иницијативниот одбор, а самиот одбор во овој период претрпел и некои кадровски промени. Во својата основа, оваа резолуција се разликува во однос на Соборската резолуција од 1945 година со која се предвидувало создавање автокефална црква. Новата резолуција предвидувала црквата да има самоуправни права за внатрешните прашања. Карактеристично е дека од повеќето учесници на свештеничката конференција идејата за создавање на Православна црква

[17] ДАРСМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12.81/542–543, Записник од Свештеничкото собрание.
[18] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, а.е18

на Југославија во помала или поголема мера била прифатлива, најверојатно како замена за автокефалноста, која во тој момент немала поддршка ниту кај политичките структури на републичко, а уште помалку на сојузно ниво. Напротив, поддржувачите на автокефалноста во редовите на свештенството честопати биле означувани како „непријатели". За ваквите ставови уште повеќе придонела и позицијата на Српската православна црква, која цврсто стоела на позициите за враќање на нејзиниот статус од пред 6 април 1941. По одржувањето на Свештеничката конференција, Светиот архијерејски синод на СПЦ на седница одржана на 25 јуни 1946 ја разгледал резолуцијата донесена на конференцијата. Било констатирано дека „состојбата во епархиите на југ од нашата земја не се значајно променети во правец на канонско средување", поради што било одлучено дека нема потреба да се менува одлуката од септември 1945 г., за што Синодот ги известил надлежните архијереи.[19]

Анализирајќи го развојот на македонското црковно прашање по ослободувањето во Владата на НР Македонија, констатирале дека „...и на Второто заседание на Црковно-народниот собор,[20] поголемиот дел од свештенството се искажа за автокефалност, но го прифатија предлогот за автономна црква".[21] Токму во овој период, кога била одржувана Свештеничката конференција (мај 1946), речиси на секој состанок на ЦК на КПМ било разгледувано црковното прашање. Констатирано е дека проблемот се јавил уште од првиот ден на ослободувањето. Во една анализа од почетокот на 1946 година се вели дека македонското црковно прашање не е само прашање на односот црква – држава туку се однесува и на односите меѓу црквите во Македонија и Србија и кон другите републики. Самокритички се наведува дека на прашањето на црквата во Македонија веднаш по ослободувањето не било посветено доволно внимание. Откако прашањето било проучено се заклучува дека како основа за разрешување на проблемот треба да се прифати принципот „за автономна Православна црква во Македонија, која би била составен дел од една општа Православна црква во ФНРЈ".[22] Ваквите погледи за решавање на македонското црковно прашање Иницијативниот одбор ги застапувал и понатаму во разговорите со државните и со партиските раководители, како и со Српската православна црква.

---

[19] Борче Илиевски, *Македонско- српските црковни односи 1944–1970*, Скопје, 2011: 60–61.
[20] Се однесува на Свештеничката конференција.
[21] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, а.е 16.
[22] Архив на МАНУ, ф.Лазар Колишевски, к-45, а.е 16.

Меѓутоа, за епископатот на Српската православна црква и ваквите барања биле неприфатливи. Главното барање било во епархиите во НР Македонија да се вратат митрополитот Јосиф и епископот Викентиј. По враќањето на патријархот Гаврил[23] во земјата, есента 1946 година, ваквиот став на СПЦ само бил зацврстен. Разговорите на претставниците на македонското свештенство и СПЦ суштински започнале по изборот на Викентиј за поглавар на Српската православната црква во 1950 г.[24] Во неговиот избор целосно контролиран од државните структури учествувале и македонски свештеници.[25]

Во овој период Православната црква во Македонија не е институционално изградена. Таа е без свој домороден епископат, соочена со новата власт, која особено во првите години по Втората светска војна, копирајќи го советскиот идеолошки модел, на религијата гледала како на несакан остаток од минатото. Притоа, црквата била доживувана како идеолошки конкурент, па дури и противник.

Разговорите на претставниците на македонското свештенство и СПЦ суштински започнале по изборот на Викентиј за поглавар на Српската православната црква во 1950 г. Патријархот се соочувал со моќна опозиција во Соборот, пред која морал дипломатски да маневрира. Во центарот на тие маневри честопати било и македонското црковно прашање. Во почетокот и средината на педесеттите години во Сојузната и во републичките комисии за верски прашања, македонското црковно прашање понекогаш го користеле за наметнување на сопствените интереси во врвот на СПЦ. Тие сметале дека со избор на тројца епископи за македонските епархии, кои би биле членови на Соборот на СПЦ, патријархот би имал мнозинство наспроти конзервативниот епископат.

Иницијативниот одбор од Македонија од 1951 до 1958 година повеќепати давал предлози за начинот на решавање на црковното прашање во Македонија. Тежишната точка била насочена кон изборот на епископи за епархиите во Македонија од редот на македонското свештенство. Во 1957 година патријархот Викентиј бил прифатен за администратор на македонските епархии, но како услов бил поставен изборот на епископи во Македонија во период од една

---

[23] Патријархот Гаврил (1881–1950), бил поглавар на СПЦ во периодот 1938–1950 г.

[24] Поглаварот на СПЦ Викентиј со световно име Витомир Проданов (1890–1958) бил секретар на Светиот архијерејски синод на СПЦ, во 1936 година бил избран за викарен епископ моравички, а во 1939 година за епископ злетовско-струмички. Во 1950 година бил избран за патријарх.

[25] Radmila Radić, *Izbor patrijarha Srpske pravoslavne crkve u 20. веku* – Istorija 20. veka, XXVII/1, Beograd, 2009: 24–29).

година. Предложените кандидати за епископи не биле избрани, а патријархот Викентиј, кон кого биле насочени надежите, починал, со што решавањето на македонското црковно прашање било поставено врз друга основа.

*Втор Црковно-народен собор*

Откако по повеќегодишни преговори Соборот на СПЦ не избрал епископи за македонските епархии, државните фактори на сојузно и на републичко ниво и Иницијативниот одбор за организирање православна црква во Македонија, одлучиле да се организира собор на кој би се решило македонското црковно прашање независно од СПЦ.[26] Вториот македонски црковно-народен собор отпочнал со работа на 4 октомври 1958. На Соборот присуствувале и се обратиле со пригодни говори претставници на сојузните и на републичките власти.[27] Соборот го прифатил ставот и предлогот на сојузните и на републичките власти за обнова на Охридската архиепископија како Македонска православна црква, која би останала во канонско единство со Српската православна црква. Бил прифатен и ставот поглаварот на СПЦ да се признае и за поглавар на Македонската православна црква, што во тој период било официјална државна политика. Но, одлуката Македонската православна црква да остане во канонско единство со Српската црква се покажала како неиздржано и нецелосно решение. По донесувањето на одлуката за обнова на Охридската архиепископија, делегатите и гостите на Соборот пристапиле кон избор на поглавар на Македонската православна црква, односно на архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски, како и на епархиските архијереи. По гласањето било утврдено дека за прв македонски митрополит е избран дотогашниот викарен епископ топлички во СПЦ, Доситеј.[28]

[26] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Нови напори за решевање на прашањето на Православната црква во Македонија.

[27] Гласник на МПЦ 1959, I/1, Историски собор.

[28] Поглаварот на Македонската православна црква, Доситеј (1906–1981) бил роден во Смедерево. Потекнувал од печалбарско семејство, во Србија доселено од Маврово. Во 1922 година започнал да учи на богословијата во Сремски Карловци, а во 1924 година се замонашил во манастирот Света Пречиста близу Кичево. Набргу потоа заминува во Света Гора, каде што останал осум години. По враќањето од Света Гора го довршил богословското образование во Битолската богословија, по што започнал да напредува во црковната хиерархија. На Теолошкиот факултет во Белград дипломирал во 1942 година, по што бил поставен за чиновник во Патријаршијата. До изборот за епископ бил настојател на патријаршискиот двор во Сремски Карловци. Во 1951 година Архијерејскиот собор на СПЦ го избрал за викарен епископ топлички. Во 1958 година, на Вториот црковно-народен собор, избран е за поглавар на Македонската православна црква со титула архиепископ охридски и скопски и митрополит македонски, а во 1967 година застанува на чело на автокефалната Македонска православна црква. Починал на 20 мај 1981 во Скопје. (Доне Илиевски, *Архиепископот охридски и македонски Доситеј*, Скопје 1995; ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.11, Предлог за одликување на м. Доситеј од 22.VI 1967).

Наскоро по одржувањето на Соборот, патријархот Герман[29] во разговор со секретарот на Сојузната комисија М. Дилпариќ рекол дека на Соборот во Охрид е прогласена самостојност и дека тоа што тој се споменува како заеднички поглавар не значи ништо. Патријархот бил незадоволен и од Уставот на Македонската православна црква, кој му бил испратен од митрополитот Доситеј.[30] Во македонските политички кругови, пак, владеело задоволство од одржувањето и одлуките на Соборот. Обновувањето на Охридската архиепископија се оценувало како голем политички успех, бидејќи се заокружувало македонското национално прашање.[31] Во Републичката комисија за верски прашања сметале дека, без оглед на дотогашното реагирање на епископатот на СПЦ, треба поактивно да се ангажираат Сојузната и републичките комисии за верски прашања, како и да се обноват индивидуалните контакти со одредени архијереи на СПЦ.[32]

На соборско заседание одржано во јуни 1959, архијереите на СПЦ морале да донесат одлука за официјалниот статус на Македонската православна црква, бидејќи таа по одлуките на Вториот црковно-народен собор била реалност. Прв чекор бил направен со изборот на Доситеј за скопски митрополитот. Светиот архијерејски собор констатирал дека „Скопската, Охридско–битолската и Злетовско–струмичката епархија се издвоиле во самостојна МПЦ, која се раководи според Уставот доставен до Соборот..., со оваа одлука, со која се прима Уставот на МПЦ, доколку бидат прифатени препораките, престануваат да важат прописите од Уставот на СПЦ за епархиите и архијереите на територијата на НР. Македонија“.[33] И покрај постигнатиот компромис во 1959 г., односите меѓу Македонската и Српската православна црква биле далеку од стабилни. МПЦ ја имала поддршката на политичките фактори. На почетокот на 1962 година во Сојузната комисија за верски прашања се разговарало за односите на МПЦ со СПЦ. Во врска на односите меѓу двете цркви, меѓу другото, било заклучено: „Да се преземат мерки и сè да се направи за да може Архијерејскиот собор на

[29] Поглаварот на Српската православна црква Герман (1899–1991), за викарен епископ моравички од Соборот на СПЦ бил избран во 1951 г. Следната 1952 година Соборот го избира за будимски, а во 1956 за жички епископ. Во 1958 година е избран за српски патријарх.

[30] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Разговор со патријархот Герман, 10.11.1958 г.

[31] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.9, Записник са седнице Комисије за верска питања при Извршном већу НР. Македоније, одржана дана 28.11.1958 године.

[32] *Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)*, приредил д-р Цане Мојановски, Скопје, 2004: 34–35.

[33] Радмила Радић, *Држава и верске заједнице*, II/ 244.

СПЦ да донесе декларација со која би се објавила легалноста на постоењето на МПЦ и со таа декларација да се запознаат сите помесни цркви“.[34]

Односите меѓу Македонската и Српската православна црква биле тема на речиси секоја седница на Сојузната комисија за верски прашања. Во декември 1963 г. во Сојузната комисија била иницирана дискусија заради изнаоѓање решение за прашањето на Македонската православна црква, нормализација на односите со СПЦ и легализирање на МПЦ пред другите цркви.[35] Претседателот на Републичката комисија, Боро Чаушев, ги образложил прашањата за легализација на МПЦ. Тој истакнал дека биле усвоени сите препораки на СПЦ, освен промената на членот 52 од Уставот на МПЦ, кои се однесувале на одличјата и титулата на митрополитот македонски. Чаушев се осврнал и на прашањето за формирање на епархија на МПЦ во странство. Од страна на одредени членови на комисијата било истакнато дека е подобро работата да се пролонгира, односно дека не било поволно да се отвора прашањето на МПЦ, кога Српската православна црква преживувала внатрешна криза, поврзано со расколот во Америка, бидејќи тоа би можело да има негативни последици врз СПЦ.[36]

Поради ваквата состојба и изнесените проблеми во односите меѓу Македонската и Српската православна црква, кои создавале атмосфера на „меѓусебна недоверба“, на иницијатива на Сојузната комисија за верски прашања во Сојузниот извршен совет на 15 јуни 1964 г. се одржала средба на која, меѓу другите, учествувале: претседателот на Сојузниот извршен совет, Петар Стамболиќ, секретарот на ЦК СКМ, Крсте Црвенковски и претседателот на Извршниот совет на СРМ, Александар Грличков. Во разговорите било констатирано дека прашањето на Македонската православна црква од политички аспект е решено и дека МПЦ постои и функционира. Во поглед на Уставот на МПЦ, се констатирало дека не е во целост усогласен со препораките на Архијерејскиот собор на СПЦ од 1959 година, што според нив се покажало како главна пречка за средување на односите.[37]

На почетокот на 1965 г. ова прашање повторно било на дневен ред во Сојузната комисија за верски прашања. Се оценило дека не би било опортуно да се заоструваат односите СПЦ и МПЦ и односите на православната црква во целина со државата. Во Сојузната комисија сметале дека патријархот

[34] *Автокефалноста на Македонската православна црква* (документи), 185.
[35] Се однесува на претставувањето на МПЦ пред другите православни цркви од страна на СПЦ.
[36] *Автокефалноста на Македонската православна црква* (документи), 186.
[37] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-10 Информација о досадашњим односима између Српске и Македонске православне цркве и најновији моменти у тим односима).

Герман треба да ги запознае другите православни цркви во светот за новонастанатите промени во православната црква во СФРЈ, а не МПЦ да биде третирана како внатрешно прашање на Српската црква.[38]

Во Републичката комисија за верски прашања во Македонија честопати се констатирало дека кај СПЦ нема расположение за средување на односите со МПЦ, и покрај тоа што била извршена измена на Уставот во согласност со препораките добиени од Српската црква. Било заклучено прашањето да се постави и на следното заседание на Соборот на СПЦ.[39] Во Синодот на МПЦ отворено истакнувале дека не можат во недоглед да ја продолжуваат практиката според која дисциплинирано настапуваат во согласност со сугестиите на државата, додека патријархот не постапува според сугестиите што му биле предочувани во Сојузната комисија.[40]

Како што се наближувало времето за одржување на редовното заседание на Соборот на СПЦ во 1966 година, прашањето на македонско-српските црковни односи повторно било на дневен ред на Сојузната комисија за верски прашања. На седницата опширно излагање имал претседателот на Комисијата за верски прашања на СР Македонија, Б. Чаушев, при што, меѓу другото, било заклучено: „Со оглед на приближување на седницата на Архијерејскиот собор на СПЦ, благовремено треба да се актуализира прашањето на МПЦ и да се настојува да се дојде до позитивно решение... со соодветен акт на Соборот на СПЦ да се запознаат и другите православни цркви за постоењето и статусот на МПЦ.“[41] Делегација на МПЦ на 17 март 1966 година имала состанок со претседателот на Сојузната комисија за верски прашања. Во оваа пригода го изнеле својот став за конечното решавање на прашањето на Македонската православна црква и јасно побарале да се влијае кај раководството на СПЦ да се реши ова прашање, бидејќи Сојузната комисија во претходниот период самата си го зела правото да влијае врз одлуките на Македонската православна црква. На членовите на Синодот на МПЦ им било кажано дека нивните барања се оправдани и дека надлежните државни органи ќе помогнат прашањето да се реши позитивно.[42] Во април 1966 г., кај претседателот на Извршниот совет на СРМ, Никола Минчев, македонското републичко раководство разговарало за најновите моменти за решавањето на статусот на МПЦ. На состанокот, меѓу другото,

[38] *Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)*, 218–220.
[39] *Ibidem*, 221–222.
[40] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.5, Информација од 29.3.1966.
[41] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.5, Белешка за разговор во сојузната комисија за верски прашања од 15.2.1966.
[42] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.5, Информација од 29.3.1966.

се констатирало дека СПЦ сака да ја врати старата состојба (се мисли на состојбата од пред 1941 г.) и дека известувањето на другите православни цркви за постоењето на МПЦ е критично прашање, бидејќи Македонската црква со тоа би се легализирала и би се претставила пред другиот православен свет.[43] Во текот на април 1966 дошло и до средба на членовите на Синодот на Српската православна црква и патријархот Герман во Сојузната комисија за верски прашања. На средбата архијереите зазеле прилично цврст став во однос на Македонската православна црква. Патријархот и членовите на Синодот сметале дека ова прашање може да се реши само во согласност со канонските прописи, истакнувајќи дека „Соборот од 1958 година бил неканонски; ... дека во СПЦ не се сложуваат со обновата на Охридската архиепископија; известувањето на другите цркви за МПЦ не би можеле да го прифатат, бидејќи таа не е автокефална црква“.[44]

Конечно, на 23 мај 1966, Соборот на СПЦ го разгледувал барањето на МПЦ. Било констатирано дека Уставот на Македонската православна црква е усогласен со препораките на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква од 1959 г. Во одлуката се вели: „...Светиот архијерејски собор на Српската православна црква констатира дека Македонската православна црква со тоа ја спровела својата организација и понатаму останува во единство со Српската православна црква преку српскиот патријарх, со тоа што во својата дејност ќе се управува во согласност со тој Устав чии одредби, кои сега се формулирани според препораките на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква, не може да се менуваат без согласност на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква.“[45] По завршувањето на соборското заседание била одржана седница на Републичката комисија за верски прашања во Македонија. На седницата било констатирано дека Одлуката на Соборот дава одговор само на едно прашање, за усогласеноста на Уставот на Македонската православна црква со препораките на СПЦ, додека ништо не било решено за прашањето на известување на другите православни цркви, со што МПЦ и понатаму останала внатрешна работа на Српската црква.[46]

---

[43] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.5, Разговор во Извршниот совет на СРМ по прашањето на МПЦ и односите со СПЦ, 19.4.1966.

[44] ДАРСМ, ф. Републичка комисија, к.5, Информација од април 1966 година; *Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)*, 236-242.

[45] ДАРСМ, ф. Извршен совет, к.143, Информација за актуелните проблеми за окончување на македонското црковно прашање.

[46] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.10, Записникот бр. 5 од седницата на Републичката комисија за верски прашања при Извршниот совет на СРМ од 27.VI.1966 г.

По донесената Одлука на Соборот на СПЦ, во Синодот на Македонската православна црква цврсто застанале на становиштето да се бара автокефалност, што и јавно го изнеле пред Синодот на Српската православна црква. До разговори дошло на 18 ноември 1966 г. во Патријаршијата во Белград. Патријархот истакнал дека со одлуката на Соборот „е дадено сè“, односно МПЦ не може сама да го менува Уставот, бидејќи е автономна, а не автокефална. Митрополитот Доситеј во разговорот навел дека одлуката за автокефалност ја доставиле и до Извршниот совет на Македонија, за што добиле поддршка.[47] Кон крајот на 1966 год. Републичката комисија за верски прашања и Извршниот совет на СРМ ги поддржале ставовите на Синодот на Македонската православна црква за автокефалност, наведувајќи дека преку самостојноста на МПЦ се оди кон понатамошна афирмација на македонската нација, без оглед на тоа што ова било црковно прашање.[48] На почетокот на 1967 г. прашањето на МПЦ, во овој случај прогласувањето на автокефалноста, повторно било на дневен ред на Сојузната комисија за верски прашања. На 23 јануари 1967 г. Комисијата одржала седница на која било заклучено: „Со оглед на негативната одлука на Соборот на СПЦ од мај 1966 г. по прашањето на МПЦ, Сојузната комисија за верски прашања, смета дека МПЦ оправдано го поставува прашањето за својата автокефалност.“[49]

Прашањето за односите меѓу двете цркви, односно барањето на МПЦ за прогласување на автокефалност кон крајот на април било разгледувано и на највисоко политичко ниво во државата, во Сојузниот извршен совет. На состанокот било констатирано дека односите меѓу Српската и Македонската православна црква сè повеќе се заоструваат, поради различните ставови по повеќе прашања. Било заклучено дека овие односи особено се влошиле по одлуката на Архијерејскиот собор на СПЦ од 23 мај 1966 г., со која биле ревидирани ставовите од 1959 г. Тргнувајќи од овие констатации, било заклучено „политичките и државните фактори на СР Србија уште еднаш да му укажат на раководството на СПЦ на сите штетни последици од нивниот негативен став во поглед на оправданите барања за автокефалност на Македонската православна црква“. Раководствата на СР Србија и СР Македонија во случај на негативна одлука на Соборот на СПЦ на заседанието

[47] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.10, Službena beleška o vođenim razgovorima između Svetog arijerejskog sinoda Srpske pravoslavne crkve i Svetog arijerejskog sinoda Makedonske pravoslavne crkve.

[48] ДАРСМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 159. 26/655 – 684, Информативен преглед бр. 27/1967 г.

[49] ДАРСМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 142. 5/46–56; *Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)*, 271–273

во 1967 год. требало да договорат какви мерки би се презеле во земјата за да не дојде до негативни политички последици.[50] Барањето на МПЦ за добивање автокефалност било разгледано на редовното заседание на Архијерејскиот собор на СПЦ на 24 мај 1967, по што патријархот Герман испратил писма до Светиот синод на МПЦ и Сојузната комисија за верски прашања, во кои ги известува дека барањето на МПЦ за добивање на автокефалност не може да се уважи.[51]

*Трет Црковно-народен собор*

По донесената одлука на Соборот на СПЦ, Синодот на МПЦ го свикал Третиот црковно-народен собор на 17 јули 1967 г. Во присуство на делегатите, претпладнето на 17 јули 1967 г. Соборот започнал со работа во катедралната црква Света Софија. Со Соборот раководел поглаварот на Македонската православна црква, Доситеј. Давајќи согласност за прогласување на автокефалност на Македонската православна црква, Митрополитскиот црковно–народен собор изразил длабоко убедување дека ова големо дело ќе биде во полза на светата православна црква и како таква Македонската православна црква ќе биде примена и признаена од сите автокефални цркви. Била усвоена резолуција во која меѓу другото се вели:

„1. Македонската православна црква – наследничка на обновената Охридска архиепископија – се прогласува за автокефална.

2. На чело на автокефалната Македонска православна црква стои архиепископ со достоинство ‘Архиепископ охридски и македонски.

3. Диецезата на автокефалната Македонска православна црква се поклопува со границите на македонската национална држава – Социјалистичка Република Македонија...“[52]

На 19 јули архиепископот Доситеј и Архиепископскиот црковно-народен собор упатиле писма до патријархот Герман, во кои го известиле дека, откако Црковно-народниот собор дал согласност и препорака, Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква прогласил автокефалност и интронизација на архиепископот охридски и скопски и

[50] На состанокот одржан на 25 април 1967 г. година присуствувале Едвард Кардељ, Петар Стамболиќ, Вељко Влаховиќ, Мијалко Тодоровиќ, Добривое Радосављевиќ, Крсте Црвенковски, Никола Минчев и Милутин Морача. ДАРСМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 142. 6/57–58, Белешка од седницата одржана на 25. 4.1967 година; К. Црвенковски, С. Милосавлевски, *Нашиот поглед за времето на Колишевски,* Скопје 1996, 168.

[51] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.11, Препис одлуке Светог архијерејског сабора Српске православне цркве.

[52] Одлука за прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква, Весник на МПЦ, IX/5 – 6, Скопје 1967.

митрополит македонски во ново достоинство, кое произлегувало од прогласената автокефалност, во архиепископ охридски и македонски.[53]

По прогласувањето на автокефалноста, Светиот архијерејски собор на СПЦ на 15 септември 1967 одржал вонредно заседание, на кое донел одлука со која, меѓу другото, го прекинал службеното и канонско општење со Македонската православна црква, а Синодот бил задолжен да поведе „постапка против виновниците на расколот."[54] Државните органи, пред сè Сојузната комисија за верски прашања, будно го следеле дејствувањето на СПЦ. Во една анализа на Сојузната комисија за верски прашања од јуни 1969 г. се констатирало дека од 1966 г. одредени акции на СПЦ значително отстапувале од поранешна политика на добри односи со државата, при што, промената на политиката на раководството на Српската православна црква кон државата се совпаѓа со моментот на заострувањето на нејзините односи со Македонската православна црква.[55] Претседателот на Комисијата, Мило Јовиќевиќ, констатирал дека од страна на државата се прави сè за да се одржат добри односи со раководството на СПЦ, како и дека Српската црква имала повластена положба во однос на другите верски заедници. Според анализите, еден од битните фактори за таквите поранешни односи била улогата на Управата за државна безбедност, која до Четвртиот пленум цврсто ја држела контролата врз целата ситуација во СПЦ, а посебно патријархот Герман. Во овој контекст била изјавата на Крсте Црвенковски од октомври 1967 г. дека без Александар Ранковиќ прашањето на МПЦ би било решено многу порано.[56]

По прогласувањето на автокефалноста, Македонската православна црква продолжила институционално да се доизградува. Покрај Богословијата, основана во 1967 година, по една деценија од прогласувањето на автокефалноста започнал со работа и Богословскиот факултет „Св. Климент Охридски". Се основале нови епархии, биле избирани и нови архијереи. Се засилувало влијанието на МПЦ сред македонското иселеништво и започнала изградбата на соборниот архиепископски храм „Св. Климент Охридски" во Скопје. Меѓутоа, Македонската православна црква и понатаму останала изолирана од другите православни цркви (со мали исклучоци), додека ставот на Српската православна црква во однос на прогласувањето на автокефалноста на МПЦ, останал непроменет во однос на одлуката донесена во септември 1967 г.

---

[53] *Автокефалноста на Македонската православна црква* (документи), 361–365.

[54] ДАРСМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 142. 8.

[55] ДАРСМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Односот на Српската православна црква спрема државата, 2.6.1969 г.

[56] Радмила Радић, *Држава и верске заједнице 1945–1970. Други део*, 285.

*Заклучок*

Генезата на прашањето за статусот на православната црква во Македонија би можеле да ја бараме во борбата на балканските држави и цркви за превласт на просторот на Македонија под османска власт во втората половина на XIX и почетокот на XX век. Три фактори биле одлучувачки во разрешувањето на ова прашање, во првите години по конституирањето на социјалистичка Југославија, но и во следните две децении, и тоа: републичките и сојузните власти, Српската православна црква и македонското свештенство, организирано во Иницијативниот одбор за организирање православна црква во Македонија. Барањата на свештенството биле преточени во резолуциите донесени на соборот одржан во март 1945 г. и на конференцијата од мај 1946 г. За релативно краток период главните премиси во резолуциите под влијание на тогашните политички околности еволуирале од барање за автокефалност до автономни права за епархиите во Македонија. Вака поставените барања ќе имаат влијание и при определувањето на статусот на Македонската православна црква во 1958 и во 1967 г. По прогласувањето на автокефалноста во 1967, Македонската православна црква останала изолирана од другите православни цркви (со мали исклучоци), додека ставот на Српската православна црква за неприфаќање на македонската автокефалност, кој се базира на одлуката донесена во септември 1967, ќе остане непроменет и во следните децении. Поголемиот дел од епископите на СПЦ во Македонската православна црква гледале како несакан продукт на „новото време“. Македонија била дефинирана како историски простор од кој СПЦ не смее да се откаже. Прашањето е отворено и денес.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Архивски извори:

*Фондови во ДАРСМ*:

Извршен совет на НР Македонија

Републичка комисија за односи со верските заедници

Претседателство на Владата на НРМ

ЦК КПМ/СКМ, верска комисија

*Фондови во МАНУ:*

Лазар Колишевски

*Објавени документи:*

Автокефалноста на Македонската православна црква (документи) 2004, приредил: проф. д-р Цане Мојановски, Скопје.

АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) 1984, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, кни-га 1, Избор, редакција и коментари д-р Александар Христов, д-р Миле Тодоровски, д-р Новица Велјановски, Скопје.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, 1981, том втори, Скопје.

Српска православна црква у Другом светском рату, 1991 (из архива Светог синода), Београд.

Литература:

Boeckh, K. 2006. *Vjerski progoni u Jugoslaviji 1944–1953: staljinizam u titoizmu*. Časopis za suvremenu povjest. god. 38, br, 2. Zagreb.

Илиевски, Д. 1995. *Архиепископот охридски и македоски Доситеј*. Скопје: Матица македонска.

Илиевски, Б. 2011. *Македонско – српските црковни односи 1944–1970. Скопје:* Филозофски факултет.

Јагодић, М. 2012. *Православна црква у новим крајевима Србије (1912–1915)* - Српске студије. Књ. 3. Београд: Филозофски факултет.

Пузовић, П. 1999. *Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање*. Вардарски зборник бр. 1. Београд: САНУ.

Радић, Р. 2006. *Држава и верске заједнице 1945–1970*. (први део: 1945–1953, други део: 1954–1970). Београд: INIS.

Radić, R. 2009. *Izbor patrijarha Srpske pravoslavne crkve u 20. veku*. Istorija 20. veka, XXVII/1. Beograd: Institut za savremenu istoriju.

Slijepčević, Dj. 1970. Die autokephalie der so genannten "Mazedonichen" orthodoxen kirche vom kanonischen und geschichtilchen standpunkt beurtelt. In: *Balkan Studies*. A Bianual publication of the Institute for Balkan Studies, Volume 20, Thessaloniki.

Црвенковски, К. и С. Милосавлевски. 1996. *Нашиот поглед за времето на Колишевски*. Скопје.

**Borče ILIEVSKI**
Faculty of Philosophy
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

## The Macedonian Ecclesiastical Issue 1943–1967: Between Autonomy and Autocephaly

The genesis of the issue concerning the status of the Macedonian Orthodox Church may be found in the fight of the Balkan countries and churches for dominance over Macedonia during the Ottoman rule in the second half of the 19th and beginning of the 20th century.

Three factors were of main importance for solving this issue in the first years after the foundation of the Socialist Federative Republic of Yugoslavia (SFRY), but also during the following two decades: 1) the national authorities within the Socialist Republic of Macedonia and the federative authorities within SFRY; 2) the Serbian Orthodox Church; and 3) the Macedonian church authorities, organized as the Initiative Board for the organization of the Orthodox Church in Macedonia. The demands of the Macedonian priests and laity were reflected in the resolutions adopted at the First Clergy and People's Synod held in March 1945 and at the Clergy Conference held in May 1946. In a relatively short period, under the influence of the evolving political circumstances explained in detail in the paper, the main premises of the resolutions evolved from demands for autocephaly in 1945 to demands for autonomous rights for the Macedonian eparchies within the Serbian Orthodox Church in 1946. The demands set in this manner will influence the way the Macedonian Orthodox Church will determine its status in both 1958 and 1967.

After declaring its autocephaly in 1967, the Macedonian Orthodox Church has remained isolated from the rest of the Orthodox churches (with some exceptions), just as the view of the Serbian Orthodox Church about the non-acceptance of Macedonian autocephaly (pursuant to its decision from September 1967) has remained unchanged in the following decades, as well.

Most of the episcopacies of the Serbian Orthodox Church saw an unwanted product of the 'new time' in the Macedonian Orthodox Church. Macedonia was still defined as a historical territory of the Serbian Orthodox Church, which it will not give up. This issue remains unresolved to the present day.

**KEYWORDS:** Macedonian Ecclesiastical Issue, Serbian Orthodox Church, Initiative Board for the organization of the Macedonian Orthodox Church, Macedonian Orthodox Church.